**Организација:** Балканска мрежа за развој на граѓанското општество
**Локација:** Митрополит Т. Гологанов 39/II-2, 1000 Скопје, Македонија

BALKAN CIVIL SOCIETY DEVELOPMENT NETWORK

## Опис на работна позиција: *Практикант*

| | |
|---|---|
| **Позиција:** | *Практикант* |
| **Одговорен пред:** | Извршен директор/Програмски менаџер |
| **Одговорен за:** | Програмски активности |
| **Временска рамка:** | Почетен стаж од 3 месеци |
| **Краток опис на работните обврски:** | Извршува програмски активности при Извршната Канцеларија на БЦСДН во рамки на проектот „Civic Space Monitor" имплементиран од Цивикус – Светска алијанса за граѓанско учество во соработка со регионални мрежи кои работат на прашања од јавниот простор |

**Детален опис на работните обврски:**

**1) Програмски активности**

- Континуирано ја следи состојбата со јавниот простор, односно слободата на здружување, слободата на мирно собирање и слободата на изразување во земјите од Западен Балкан (Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Македонија, Србија, Хрватска и Црна Гора) и Турција за даден временски период (2 месеци) и врз база на веќе утврдена методологија;
- Користи онлајн алатки за осознавање и пребарување информации на локален јазик;
- Преведува релевантни информации на англиски јазик и уредно ги документира истите;
- Учествува во изработка на известувања за јавниот простор во Западен Балкан и Турција.

**2) Административен менаџмент**

- Организира и управува со документација поврзана со проектот (Писарница, Деловодник)

**3) Регуларни канцелариски обврски**

- Извршува други активности кога е потребно

**Потребни квалификации:**

- Студент/ка или има завршено високо образование во областа на политички науки, правни науки или новинарство;
- Солидно познавање на англиски јазик и албански или турски јазик;
- Поранешно искуство во граѓанскиот сектор, односно на проекти поврзани со јавниот простор се смета за предност;
- Познавање на други јазици (Српски, Хрватски итн.) се смета за предност;
- Одлични организациски и комуникациски (усмени и писмени) вештини;
- Одлично познавање на MS (Word, Outlook);
- Проактивност, флексибилност, способност за планирање и спроведување работни задачи;
- Способност да работи индивидуално и во тим.